
SCHRACK
SECONET

Integral EvoxX

Еволуцијата на
противпожарната заштита

МК

ПРОТИВПОЖАРЕН
АЛАРМ



За Schrack Seconet.

Ние сме високотехнолошка австриска компанија посветена на заштита на луѓето и имотот. Како дел од „Swiss Securitas Group“, ние сме едни од водечките меѓународни добавувачи на противпожарни и комуникациски системи. Со посветен персонал, иновативна технологија и напредни концепти кои секогаш се насочени кон потребите на луѓето, го наоѓаме вистинското решение за заштита во секоја ситуација. Вие добивате благодарение на нашите заложби да го направиме животниот простор попрактичен и побезбеден.

Како врвна компанија за безбедност ви гарантираме…

… техничка компетентност и висококвалитетен перформанс

… иновативна технологија и висококвалитетни производи – развиени и произведени во Австрија и Германија

… приспособени сеопфатни решенија за индивидуални потреби

… поддршка за непречено функционирање во текот на работниот век на производот со децении

… квалитетен, сертифициран технолошки партнер со обучен персонал

… извонредна корисничка услуга и фокус на клиентите преку филијали и партнери во над 70 земји

Затоа што секогаш има нови начини првокласното да стане уште подобро.

По Integral и Integral IP, Integral EvoxX поставува нови стандарди за противпожарни системи. Осмислен со најновата технологија, системот е совршено опремен за да ги исполни сите барања, и сегашните и идните.

Со секој нов развој, најмногу ги вреднуваме функционалноста, безбедноста и компатибилноста – и секогаш сме чекор пред времето. Како? Набљудувајќи и помагајќи да се обликуваат важните трендови, размислувајќи однапред. Со тоа што сме дигитализирани и насочени кон иднината во нашите концепти и така што ги интегрираме постојните системи во овие процеси.

Паметна технологија.



Едноставно поголема флексибилност.

Од планирање и пуштање во функција до тековно работење, одржување и модернизација: Сите процеси се постојано оптимизирани благодарение на едноставната интеграција на нови карактеристики на производот и фокусот на компатибилноста во текот на целиот работен век.



Едноставно повисок квалитет.

Интелигентната технологија, развиена и произведена во Австрија и Германија, гарантира повисок квалитет и издржливост на поединечните делови, како и на системот како целина. Заштитата на животите и вредностите достигна целосно ново ниво.




Едноставно подобра услуга.

Нашите противпожарни системи се оптимално опремени за иднината благодарение на дигиталните услуги. Заедно со партнерската поддршка од нашите искусни вработени, ова резултира со идеална комбинација на техничко и професионално знаење.

Дигитални апликации и услуги – за максимална ефикасност.

Еден сигурен систем за откривање пожар обезбедува одлучувачка временска предност во критични моменти, и тоа на начин кој е целосно безбеден и практичен. Пред сè, се работи за испорачување информации таму каде се потребни. Далечинскиот пристап преку Integral Remote нуди поддршка преку разновидни решенија: практичен мониторинг директно на работното место, мобилни известувања во реално време на паметен телефон или таблет, како и едноставна поддршка во живо.



Флексибилни известувања
Активните известувања обезбедуваат брзи и сигурни пораки на компјутерите и мобилните уреди, дури и кога апликациите не се активни на нив. Известувањата може да се упатуваат на одреден настан (аларм, грешка, прекин на електрична енергија, итн.) и на секое одредено лице.

Информации и анализи
Статусот на системот за откривање пожар може да се гледа во секое време без да мора да се биде на лице место. Деталната проценка овозможува, на пример, да се препознаат повторувачки лажни аларми и да се постапи соодветно.

Ефикасност на работата
Многу задачи може лесно да се решат при работењето, вклучувајќи и моментално појаснување во случај на аларм, спречување непотребни операции на противпожарната бригада или привремено оневозможување на детекторите за време на реновирање.

Поддршка во живо
Експертите и техничарите имаат пристап до сите системи, ако тоа е потребно, и можат брзо и лесно да обезбедат помош на далечина до локалните корисници.



Иднина базирана на облак

За максимална ефикасност и уште поголема достапност.

Искористете го интелигентното поврзување на безбедна платформа на облак за да имате придобивка од сеопфатните услуги, како и ефикасна комуникација за време на целиот работен век.

Повеќе информации на: **integral-evoxx.com/en/**

Работен век

Од планирање, инсталација, пуштање во функција и тековно работење до одржување, модернизација и проширување: иновативните дигитални услуги ги поедноставуваат процесите во текот на целиот работен век. Услугите базирани на облак обезбедуваат информации за тековниот статус на системот и, на овој начин, ја овозможуваат предноста од „предвидливо одржување“. Предвидливото одржување овозможува да се преземат активни мерки, наместо да се потпираме на реактивен пристап.

Integral Remote Professional
За инсталатерот

Платформа за услуги

Integral Application Center (IAC)

Далечинска анализа на податоци
Онлајн платформата овозможува трајно собирање и анализа на податоци од системот за откривање пожар. Ова дозволува да се преземат ефективни мерки и нуди поддршка во секоја фаза на работниот век на системот.


Далечинско програмирање
Промените на конфигурацијата на системот може да се спроведат преку далечински пристап. Ова вклучува, на пример, приспособување на текстови наменети за корисниците заради промените во употребата.



Редундантност на сите нивоа – за максимална безбедност.

Кога станува збор за безбедноста на луѓето и вредностите, сè мора да биде обмислено, до најмал детаљ. Токму затоа, Schrack Seconet се потпира на сеопфатна редундантност за својот Integral EvoxX систем за откривање пожар.

Благодарение на уникатниот концепт, два сосема идентични системи постојано работат во автоматски режим на подготвеност. Ако настане дефект на активниот дел, тогаш системот автоматски се префрла на другата половина, без да го прекине работењето. Ова значи дека сите функции како што се детекцијата, известувањето за аларм, приказите на обични текстови, како и активирањето на системот за контрола на пожар се постојано присутни, без никакви ограничувања.



Работење – редундантни поврзувања со панелите за работа.


Од клучно значење се информациите за состојбата во секој момент, за секој настан, како и неограниченото функционирање на целиот систем за откривање пожар. Поради оваа причина, врските и интерфејсите до екстерните панели за индикации и управување се удвоени. Оваа форма на редундантност обезбедува целосна оперативност на системот и јасна индикација на сите настани, со јасни информации за локацијата и времето, дури и во случај на пречки на некоја линија. На овој начин се чуваат панелите за управување во централите за откривање пожар, а работата се врши таму каде што е потребно.

Мрежа – сите системски врски - редундантни.

Пречките на кабли – поради градежни работи во објектот, проширување или модернизација – не може да се исклучат. Поради оваа причина, сите интерни системски врски, како и целата мрежа се проектирани редундантно во Integral EvoxX M системите. Во случај на проблем со поврзувањето, мрежата автоматски и без прекин наоѓа алтернативен пат. Системот останува целосно активен, одржувањето може оптимално да се планира и секој дефект може да се поправи на мир.

Двојадрен процесор – новата суштина на системот.

Процесорот е срцето на секој систем за откривање пожар, кој гарантира непречено функционирање. Новата генерација на Integral EvoxX контролни панели воодушевува во оваа важна област со особено голема брзина: Системите се поддржани со моќен двојадрен процесор и нудат највисоко ниво на безбедност со својот двоен дизајн. „Практичноста“ и „безбедноста“ работат независно една од друга. Ако има пречки при функцијата за практичност, тогаш сите безбедносни функции продолжуваат со работа, сигурно и без пречки. Двојадрениот процесор е исто така удвоен во контролните панели Integral EvoxX M.



Контролен панел – сите елементи се редундантни.


Сите модули, напојувања, магистрални системи и софтверски рутини на Integral EvoxX M системите за откривање пожар се редундантни. Ако активната страна се расипе, тогаш втората страна, којашто работи во автоматски режим на подготвеност - ја презема работата автоматски и без прекин. На овој начин, се надоместува секој дефект, а системот за откривање останува целосно оперативен и пожарите може да се детектираат брзо и сигурно, дури и во случај на дефект. Сите податоци и пораки безбедно се пренесуваат и обработуваат, а сите системи за откривање пожар, како што се вентилациски отвори, противпожарни врати и функции за гаснење пожар - се активирани.

Јамка – редундантно коло на јамка.

Сите периферни уреди се поврзани во јамка. Благодарение на изолаторот за краток спој кој е интегриран во секој уред, јамката може да се поврзе и конфигурира низ сите пожарни сектори и функции. Ако има краток спој или ако се прекине кабелот, тогаш интегрираниот изолатор за краток спој го исклучува оштетениот дел од линијата и сите уреди на Integral X-LINE остануваат целосно фунционални преку жичан начин на работа. Оштетениот дел од кабелот, сам по себе, може лесно да се лоцира – заштедувајќи значајно време при работењето и овозможувањето услуги.

Флексибилни и компатибилни мрежни решенија – за максимална безбедност на инвестициите.

Нашите иновативни и флексибилни мрежни решенија, Integral LAN и Integral WAN, нудат стабилни и веродостојни опции за претпријатија од сите големини и со секакви барања. Сите инвестиции на вашиот систем за откривање пожар остануваат сигурни во текот на целиот работен век.



Integral LAN

Поголемите објекти и комплекси како што се хотелите, деловните објекти, индустриските постројки, итн., лесно и ефикасно се реализираат со нашите мрежни решенија.

Придобивки за вас:

- Многу вкрстени контроли
- Соодветно за известување за аларм базирано на локација
- Лесно се поставува на подоцнежен датум

Integral WAN

Големи објекти
Пространи компаниски простории со структура на кампус, како што се болници или факултети, големи објекти како што се трговски центри или големи јавни згради можат оптимално да се поврзат.

Распределени локации
Ги поврзуваме системите за откривање пожар независно од нивната оддалеченост. Компании со структура на филијали, како што се синџирите супермаркети или компаниите со повеќе филијали до ненаселени или одделени објекти, како што се ветроелектраните.

Придобивки за вас:

- Сите системи во зградите се независни од другите
- Ефикасно управување со системот за откривање пожар преку централен систем за управување во зградата
- Поврзување преку посебни или постојни мрежи (Intranet/Internet)



Веродостојна компатибилност

Инвестирајте денес, профитирајте засекогаш.

Искористете ја можноста да вршите модернизација и проширување со малку труд, дури и во следните децении.

Повеќе информации на: **integral-evoxx.com/en/**

Secolog IP – за едноставен приказ и работење.


Системот за откривање пожар овозможува едноставни, јасни и централизирани индикации и работа на системите за откривање пожар и безбедносните системи.

Придобивки за вас:

- Може да се интегрира и на подоцнежен датум и веднаш ќе ги имате сите важни информации
- Едноставна и лесна работа во режим на аларм и команден режим

Модернизација и проширување на објектот

Компатибилноста „напред и наназад“ на нашите системи е единствена и е во фокусот на Schrack Seconet. Постојните делови лесно се интегрираат, градбите и мрежите се прошируваат, а идните инвестиции се осигурени и приспособени.




модернизација

Без разлика од која причина треба да го приспособите вашиот систем за откривање пожар – било да е тоа нов концепт на просторија, нови стандарди или дури и реновирање зграда – со производите на Schrack Seconet може да ги модернизирате чекор по чекор, со мали приспособувања и мал напор за инсталација.

Придобивки за вас:

- Исплатлива замена на постојните системи
- Преземање на постојното жичено поврзување и периферни уреди
- Избегнување несакани пречки во работењето
- Нема непотребно мачење околу програмирањето



Проширување

Вашата компанија расте? Тоа не претставува проблем за системот за откривање пожар на Schrack Seconet. Од проширување на зградата на иста локација до глобално проширување – постепено вмрежување и миграција, дури и низ неколку системски генерации, за нас е прилично едноставно.

Придобивки за вас:

- Оптимална основа за идни системски проширувања
- Системот расте заедно со вашите барања
- Гарантирано централно работење на повеќе објекти/локации
- Гарантирана функционалност на сите Integral генерации

Технологија со приспособени панели – за максимална флексибилност.


Во семејството системи Integral EvoxX, ќе го најдете вистинскиот панел за откривање пожар за секоја големина на систем и секоја област на примена. Покрај постојаното работење, Integral EvoxX нуди уште една огромна предност: Панелите за откривање пожар може да се користат и како централи за гаснење пожар.



	Integral EvoxX MF	Integral EvoxX CF	Integral EvoxX BF
Структура	модуларна, децентрализирана	компактна, децентрализирана	основна верзија
Редундантност на хардвер	•		
Редундантност на софтвер	•	•	•
Број на јамки по централа	до 16	До 4	1
Број на уреди по централа	До 4000	До 1000	До 250
TCP / IP интерфејс	•	•	•
Може да се поврзат	•	•	преку TCP/IP
модернизација на постојните системи	•	•	•
Самостојни реквизити	•		
Интерфејс за безжични услуги	•	•	•

Integral EvoxX централа за откривање пожар – за уште поголема безбедност.

Нашите Integral EvoxX контролни панели за откривање пожар може совршено да ги исполнат вашите барања и големината на системот благодарение на сите видови реквизити, делови и фази на проширување. Од помали недвижнини, како што се ненаселени објекти или училишта, до објекти со средна големина, како што се супермаркети или хотели, до големи објекти, како што се аеродроми или болници. Сите контролни панели се базирани на истата висококвалитетна технологија и се меѓусебно компатибилни. Понатаму, сите го користат истиот софтвер и алатки за работа, а корисничкиот интерфејс е идентичен кај сите Integral EvoxX контролни панели.



Идни технологии Размислувајте
однапред и соодветно планирајте.

Уште денес искористете го моќниот хардвер, со кој ќе бидете оптимално опремени за сите идни настани.

Повеќе информации на: **integral-evoxx.com/en/**





	Integral EvoxX ME	Integral EvoxX CE
Активација на еднозонски систем за гаснење	•	•
Активација на повеќезонски систем за гаснење	•	
Број зони за гасење	До 32	1
Дополнителни, паралелни LED панели за индикација	•	•
Дополнителни програмски влезови и излези	•	•
Интерфејс за безжични услуги	•	•

Integral EvoxX контролни панели за гаснење – за веродостојна контрола.

Верзиите Integral EvoxX ME и CE може да се користат како контролен панел за гаснење пожар или да се комбинираат како контролен панел за откривање пожар/гаснење пожар согласно електронскиот уред за контрола и одлагање според EN 12094-1 и VdS 2496. На пример, како CO_2 системи за гаснење пожар со висок и низок притисок, системи за гаснење инертен гас и аргон, итнКонтролните панели за гаснење пожар од Schrack Seconet се одликуваат со истата висококвалитетна технологија како и контролните панели за откривање пожар. И овде имате корист од истиот софтвер и алатки за работа, како и од истиот кориснички интерфејс.



Уреди за работење и индикација – интуитивни и добро осмислени.

Управувачките интерфејси на системите Integral EvoxX се совршено приспособени според потребите на корисниците и барањата на ракувачите и противпожарните бригади. Тие постојано се развиваат и се достапни на над 20 јазици. Нудиме и многу варијанти и дизајни на противпожарни оперативни панели (на пр. во согласност со ÖNORM F 3031, DIN 14662, SN 054 002 итн.) и LED панели за индикации, како и работа на мобилни уреди.

Интелигентна детекција и известување за аларм – за максимална сигурност.



Детектор за пожар CUBUS – за сигурна детекција.

Автоматското приспособување на променливите амбиентални услови во комбинација со континуираното мерење на сите релевантни параметри за пожар, како што се чад, топлина и јаглерод моноксид го извдојуваат CUBUS.


Јамка Integral X-LINE – за моќен пренос.

Integral X-LINE совршено ги комбинира детекцијата и известувањето за пожар на далечина до 3500 m: До 250 учесници комуницираат преку јамката со контролниот панел за откривање пожар. Многу брзото време на стартување овозможува и брзо пуштање во функција и прецизна и брза локализација на неисправностите и дефектите на инсталацијата. Изолаторот за краток спој, кој е интегриран во секој X-LINE уред, овозможува дополнителна сигурност на планирањето и неограничено функционирање во случај на краток спој, прекинување на кабел или саботажа.

Известување за аларм во детекторот – за брзо и безбедно дејствување.


Откривањето и известувањето за аларм се комбинирани во еден уред. Во случај на инцидент, детекторот за пожар се огласува со звучен аларм. Поради ова интегрирано известување за аларм, детекторот ја заменува употребата на посебни уреди за звучен сигнал. Покрај интегрираната акустика, во MTD 533X-SP се поддржани и јасни гласовни инструкции, кои овозможуваат брзо и безбедно излегување. Опционалната основа за детектор, USB 502-20, со интегриран осветлен прстен го надополнува детекторот со визуелно известување за аларм.

Стандард	Известување за аларм	Топлина	Чад	Јаглерод	MTD 533X	CMD 533X	MTD 533X-S	MTD 533X-SP
EN 54-3	•						X	X
EN 54-5		•			X	X	X	X
EN 54-7			•		X	X	X	X
EN 54-26				•		X		
EN 54-29		•	•		X	X	X	X
EN 54-30		•		•		X		



Рачни јавувачи – за мануелна активација.

Рачните јавувачи се клучни за ефективна заштита од пожар: Се користат за рачна активација на алармот. Во нашата понуда, согласно EN 54-11 ќе најдете разновидни начини на рачна активација (тип A или B) во различни верзии. Овде се вклучени и рачни јавувачи во различни бои, како и копчиња за прекинување и активација за да можете рачно да го контролирате гаснењето.



Сигнален уред – за сигурно известување за аларм.


Нудиме сигнални уреди во различни бои и дизајни за звучна и/или визуелна сигнализација за пожар. Сите имаат одобрение EN-54 и/или VdS. Покрај тоа, достапен е комплетен асортиман на батериски ламби кои се во согласност со важечкиот EN 54-23.

Вентилациски детектор за чад – за рано откривање.

Се користат за откривање чад од пожар во вентилациските системи или на места со брзи измени на воздухот и силно разредување на чад. Благодарение на раното откривање чад, се спречува ширењето на пожарот внатре и надвор од системот за вентилација.

Модул за влез и излез – за сигурна интеграција.

За интеграција на елементи има широк спектар на сложени модули. Во зависност од верзијата, модулите може да ги надгледуваат безнапонските контакти, може да се следат потенцијално експлозивните области, оптеретувањата може да се префрлаат со помош на релеи или може да се интегрираат специјални системи за откривање пожар.



Магнет за држење – за непрекинато држење.

Магнетот за држење BX-MDH е директно поврзан со X-LINE. Не бара надворешно напојување ниту дополнителни кабли. Не се потребни ниту модули ниту континуирана струја. Магнетот за држење BX-MDH импресионира со следењето на положбата на вратата, како и можноста за селективно активирање благодарение на индивидуалното адресирање.




Сигурна детекција – дури и во најтешки услови.

Екстремна влажност на воздухот, изложеност на нечистотија, високи температури или високи надморски височини – нашиот асортиман производи со „специјална технологија за аларм за пожар“ ви го нуди вистинското решение за секоја примена, од еден извор. Се потпираме на асортиманот детектори што гарантираат рано откривање на опасностите, дури и при најтешките амбиентални услови и ги сведуваат лажните аларми и поврзаните трошоци на минимум.

Детектор за пожар за опасни подрачја

Овој детектор за пожар е погоден за опасни области од зоните 1, 2 и 22, каде што може да има и прашина и гас.



Аспирациски детектори за чад (ASD)


Комбинацијата од смален дизајн и чувствителна технологија го прави овој детектор совршен избор за следење згради и објекти. Примери за ова се центри за податоци и чисти простории, области со ниски температури, како и историски објекти. Оперативните извори на пречки, како што се силните воздушни струи, влажноста, прашината или ограниченият пристап поради шупливи подови, високите простории или вратилото на лифтот не претставуваат никаков проблем.

Config over Line – лесно централно управување.

Поединечните чекори во конфигурацијата, пуштањето во функција и одржувањето на аспирациските детектори за чад (ASD) и линиските детектори за топлина (ADW) се изведуваат на далечина преку современи софтверски алатки. Не е потребна дополнителна инсталација на кабли; размената на податоци и комуникацијата се вршат преку постојниот Integral X-LINE.

Линиски детектори за чад

Се користат таму каде е достигнат максимумот за вградување други детектори за пожар, каде не смее да се загрози визуелниот изглед или е потребно да се надгледуваат големи површини. Тука спаѓаат трговски центри, хали за изложби и магацини, но и аеродроми. Поради дискретниот изглед и лесната инсталација, се користи и во историски објекти, цркви и театри.



Детектори на пламен

Овие детектори се одлични за откривање пожари без чад настанати со горење на течности и гасови. Се користат и за отворени пожари со интензивен чад во зони заштитени од експлозии. Типични места на употреба се хемиски погони, рафинерии за нафта, електрани итн.





Линиски детектори за топлина (ADW)

Екстремната издржливост на овој детектор го прави оптимално решение за екстремни средини. Не може да го оштетат гасови, издувни гасови, прашина од солена магла, како ни влага ни екстремни температури. Совршен е за употреба во простории за ладење храна, рафинерии, постројки за одлагање отпад, како и возни паркови.



d-LIST-систем и LIST-систем

Робусниот, адресабилен (LIST) сензорски кабел е карактеристичен по прецизното откривање и големата брзина на реакција и едноставната инсталација и пуштање во функција. Различните интервали помеѓу сензорот, сензорскиот кабел и мерењето на индивидуалната температура на секој сензор овозможуваат одлично решение за секаква намена. Тие се оптимизирани за употреба во патни и железнички тунели, како и кабелски и доводни тунели, но имаат и индустриска примена, како на пример во системи за транспорт или одлагање или во производствени линии.

Го задржуваме правото на технички измени
© Schrack Productions | B-PR-624MK - V 1.0 - 07.2022

Schrack Seconet AG
Eibesbrunnergasse 18
A-1120 Vienna | +43 50 857
office@schrack-seconet.com

schrack-seconet.com

Чешка Република, CZ-149 00 Прага 4, Štítová 283 | +420 2 74784422
Унгарија, HU-1119 Будимпешта, Fehérvári út 89-95 | +36 1 4644300
Индија, IN-122102 Гургаон, C-704A, Pioneer Urban Square, Sec-62 | +91 124 4141501
Полска, PL-02-972 Варшава, ul. Branickiego 15, Wilanów Office Park, bud. B1 | +48 22 3300620
Романија, RO-023961 Букурешт, Str. Mântuleasa nr 15A/1 | +40 372 756316
Русија, RU-123001 Москва, B. Sadovaya str. 5, build. 1 office 514 | +7 495 5105015
Словачка, SK-831 06 Братислава, Mudrochova 2 | +421 2 44635595
Шведска, SE-126 30 Hägersten, Vretenborgsvägen 28, Floor 9 | +46 8 6801860
Турција, TR-34718 Kadıköy-İstanbul, Koşuyolu Mah. İsmailpaşa Sk.No: 78 | +90 216 3455199